Република Македонија

**Државен инспекторат за земјоделство**

Влада на Република Македонија
Државен инспекторат за земјоделство

Булевар Гоце Делчев бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 321 462
Факс: (02) 321 462
Е-пошта: diz@diz.gov.mk
Сајт: www.diz..gov.mk

# Информација за работата на Државниот инспекторат за земјоделство за период од јули 2017 до декември 2017 година

Во период јули - декември 2017 Државниот инспекторат за земјоделство, своето работење го реализираше преку доследно спроведување на одредбите од законите и поблиските прописи од делокругот на работење на овој инспекциски орган, преку вршење на надзори и превземање на инспекциски мерки, кај сите субјекти, кои работат во овие области, но секогаш навремено постапуваше и по доставените информации за одредени неправилности и злоупотреби, кога не се почитуваа одредбите од законите и поблиските прописи.

Државниот инспекторат за земјоделство во овој период за 2017 година има составено севкупно 13.570 записници од извршени инспекциски надзори, при што се изречени вкупно 452 инспекциски мерки за констатирани недоследности во работењето на субјектите од кои 181 решение за отстранување на неправилности, 65 едукации, 112 платни налози, 71 барање за поведување на прекршочна постапка (до суд и прекршочна комисија) и 23 кривични пријави..

- При вршење на вонреден инспекциски надзор од страна на надлежен инспектор за земјоделство при увоз на ѓубрива е констатирано отстапување на поедини параметри во Решението за евидентирање во листата на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својставата на почвата од законски дозволените параметри, при што од надлежните органи е извршено поништување на 88 решенија.

- Во овој извештаен период од страна на надлежните инспектори за земјоделство не е дозволено вршење на откуп на тутун на еден правен субјект бидејќи откупувачот на тутун до почетокот на откупот на тутун не обезбедил доказ за обезбедени финансиски средства за исплата на целокупната договорена и откупена количина на тутун од тековната реколта во висина според просечната откупна цена од минатата реколта.

- Во овој период посебно се засилени надзорите кај две винарски визби кои претходно се избришани од Регистарот на производители на вино, поради неисплатени средства на откупеното винско грозје од претходната реколта, кои согласно законските акти можат

да го продаваат произведеното вино, а добиените финансиски средства првенствено ги наменат за исплата на лозарите.

- СВР Битола и Државниот инпекторат за земјоделство во координација со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 01 и 02.09.2017 година, презедоа заедничка акција за пронаоѓање на насади и обработка на тутун од типот „Вирџинија", кои не се пријавени и немаат договор со регистрираните откупувачи, што е спротивно на Законот за тутун и тутунски производи.
  Врз основа на добиени наредби за претрес од Основниот суд Битола, извршени се претреси кај пет физички лица и кај едно правно лице во село Могила и притоа се пронајдени и одземени вкупно 22.242 кг. тутун тип „Вирџинија". Исто така се пронајдени и шест ниви со насади на тутун од типот „Вирџинија".

Од страна на Државните фитосанитарни инспектори на единаест гранични премини и седум места на утовар и во внатрешноста на Република Македонија извршени се вкупно 26.970 прегледи на пратки од кои од кои 14.474 контроли при увоз, 8.376 контроли при извоз, 2.340 контроли при провоз (транзит) и 1.780 контроли при реекспорт, при што се издадени 8.376 фитосанитарни сертификати при увоз и 1.780 фитосанитарни сертификати при реекспорт на земјоделски производи.

Во овој период Државниот инспекторат за земјоделство креираше портал за електронска комуникација (Е-фитосанитарни барања/пријави) наменет за сите правни и физички лица кои до сега остварувале писмена комуникација со Државниот инспекторат за земјоделство или ќе имаат потреба во иднина. Е – фитосанитарни барања/пријави е дополнителена апликација која, Државниот инспекторат за земјоделство ја става на располагање на сите надворешни корисници со цел да им овозможи да подигнуваат најразлични видови на барања/пријави за издавање на фитосанитарен сертификат за извоз/реекспорт/Пасош за растенија (замена на пасош на растенија) и фитосанитарен преглед на пратки на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, производи за заштита на на растенија и ѓубрива при увоз/транзит кои се издаваат од страна на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма од областа на Фитосанитарната испекција.

Согласно Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2017 година, се земени 449 примероци..

Преку EXIM системот се одобрени 6.656 пратки од увезени земјоделски производи.

**Во овој период во Државниот инспекторат за земјодлество право да вршат инспекциски надзори кои имаат лиценца од областа на инспекциската служба, распределени во 33 подрачни единици, 11 гранични премини и 7 места на утовар, се вкупно 104 инспектори.**

**При Внатрешна контрола врз работењето на инспекторите се констатирани неправилности кај 9 инспектори при постапувањето, со што за 5 државни инспектори е поведена дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап до Инспекцискиот совет и за 4 инспектори е поведена дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска неуредност согласно Законот за административните службеници.**

Со почит,

Јане Станкоски
В.Д Директор на Државен инспекторат за земјоделство

*Изработил:Љ.Ласкова*